НОВО срце

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година IV. бр. 133. Дата: 28. 05. 2012.**

# Хороскопост и Астрологијата - 2

Веќе еднаш пишувавме на оваа тема, каде што укажавме дека астрологијата (хороскопот) има елементи на религија, и не е наука. Научните истражувања покажале дека поврзаноста на хороскопските знаци со карактерот на личноста е минимална и се сведува на случајност.
Во текстот подолу ќе разгледаме уште некои научни аргументи и ставот на Библијата.

## *Прецизноста на астролошките предвидувања*

Во врска со ова, направено е детално истражување во кое се анализирани 3. 000 претскажувања, објавени од водечки астролози (или нивни публикации), за период од 5 години. Истражувањата покажале дека претскажувањата од астролозите биле неточни, дури до 90%. Останатите 10%, кои се оствариле, можат да се препишат на случајноста. (Culver and Iana, op.cit., Pp.169-179).

## *Астрономската точност за планетите*



Астрологијата (хороскопот) се засновува на погрешна претпоставка дека сите планети, па дури и Сонцето, кружат околу Земјата - геоцентрична теорија. Денес е научно докажано дека планетите, па и Земјата, кружат околу Сонцето - хелиоцентрична теорија.

Понатаму, повеќето астролошки карти (хороскопи) во нивната изработка вклучуваат само седум планети (меѓу кои се и Сонцето и Месечината), додека Уран, Нептун и Плутон се изоставени бидејќи во старо време тие не биле откриени.

Третиот факт, кој оди на штета на астрологијата, е позицијата на планетите во однос на Сонцето. Од нејзиното создавање до денес, позицијата на планетите се променила. Така на пример, порано родените меѓу 22 март и 21 април, биле во знакот на „овен“. Денес, родените во тој период, всушност се под знакот „риби“. По извесно време, ќе бидат во знакот „водолија“ итн. Ова значи дека се во заблуда сите што веруваат во хороскопот бидејќи имаат прифатено погрешен хороскопски знак.

Но, поентата не е само да се укаже дека астрологијата и хороскопот се ненаучни. Астрологијата може да биде и опасна ако вашиот живот им го доверите на хороскопските предвидувања и се раководите според нив. Тоа отвора врата и за други окултни искуства и практики, кои можат да ни го нарушат односот со Бог.

Оние што се потпираат и се надеваат на хороскопот и на ѕвездите, го отфрлаат живиот Бог. Токму затоа и Бог ѝ се противи на ваквата практика. Уште во времето на пророкот Исаија (околу 7-от век пред Христос), се упатува предупредување до вавилонскот народ, за кој се смета дека е колевка на астрологијата:

*„Ти си уморна од многу совети; нека излезат оние што го набљудуваат небото, ѕвездобројачите и претскажувачите по новомесечијата, нека те спасат од она што треба да ти се случи. Ете тие се како слама: оган ќе ги изгори; не ја спасија душата своја од пламенот; не остана јаглен да се погрее некој, ниту оган за да се поседи крај него“ (Исаија 47:13-14).*

Од друга страна, ако нашите животи Му ги предадеме на Бог, и Му се довериме на Исус, како наш Господ и Спасител, нема потреба да се плашиме за нашата иднина бидејќи таа е веќе загарантирана. Исус ветува дека ќе биде со нас *“преку сите денови, сé до крајот на светот“*. Тој исто така ветува дека секој кој верува во Него *„има живот вечен“. (Јован 6:40 )*

**НЕ СЕ ПОТПИРАЈ НА ЅВЕЗДИТЕ, ТУКУ НА ОНОЈ КОЈ ГИ СОЗДАЛ!**

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**